


МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

РАМКА ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ ЗА **ФИНАНСИИ** КАЈ МЛАДИТЕ ЛИЦА ВО ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН

PROMO idea
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION
НОВУС
КРУНА ПЛУС
CIVICA MOBILITAS
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Проект: Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот
CM-GGA-244
Здружение Центар за развој и промоција ПРОМО Идеа Струмица
Октомври 2024

Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика Мобилитас.

Опис: Цивика Мобилитас е проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија, која ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија кои се водени од силен граѓански сектор, од активни граѓани и добра соработка со властите што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации и потранспарентно, отчетно и општествено инклузивно владеење на централно и локално ниво.

Оградување: Содржината на оваа методологија е единствена одговорност на Здружение Центар за развој и промоција Промо Идеа Струмица, Здружение Новус Струмица и Здружение Круна Плус Радовиш и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика Мобилитас, или организациите што ја спроведуваат“.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Содржина

Summary 4

1. Вовед 5

2. Основа и цели на методологијата 7

2.1 Цели на процесот на истражување 8

2.2 Целни групи 8

3. Процес на истражување 9

3.1 Интернет истражување 10

3.2 Онлајн анкета 11

3.3 Фокус групи 11

3.4 Интервјуа 12

4. Извештаи 13

4.1 Поединечни извештаи 13

4.2 Интегрален извештај 13

5. Временска рамка на процесот на истражување 14

Прилог 1: Оналјн прашалник 14

Прилог 2: Насоки за спроведување фокус групи 18

Прилог 3: Насоки за спроведување интервјуа 22

Прилог 3.1: Изјава за согласност 25

Прилог 4: Формат на поединечни извештаи 26

Прилог 5: Формат на интегрален извештај 27

Summary

Financial literacy is a core life skill for participation in modern society. Young people are growing up in an increasingly complex world where they will eventually have to take control of their financial future.

On all phenomena of an economic and financial nature that young people may face at an early age, the state has a great influence as the largest consumer in terms of GDP in modern economies at the central and local levels. In addition to the high level of participation of the state in overall consumption, it appears through its institutions as a formal and informal regulator of economic relations. With the emergence of increasement of prices in the recent 2-3 years, which contributed to above-average inflation rates, the state was under constant pressure to take measures to protect the value of money, retain jobs, increase the minimum wage, limit product prices and other measures despite the existence of a market economy. These phenomena indicate the increasing role of the state in the economic sphere and its influence on the everyday life of people despite the constant development of the market economy.

The methodology was created as a starting point in the initial process of implementing project activities within the framework of the project "Youth financial literacy network in the Southeast". This is the phase of examining the current financial knowledge, attitudes and behaviors of young people in the Southeast region. Based on the methodology, a survey will be conducted, including young people as the primary target group, but also various stakeholders from the financial sector, experts, representatives of public institutions, etc. The methodology contains detailed guidelines for conducting a comprehensive survey, the results of which will provide feedback on the basis of which training modules will be created and implemented, tailored to the needs and requirements of young people. The survey will be conducted by each of the three partners individually, in a different part of the region, and the results will be summarized in one integral report. The report that will be created based on the research activities will serve as a roadmap for the development of appropriate training modules to improve the level of financial literacy among young citizens, with a focus on knowledge of public and local finances, and in order to better recognize possible corrupt behaviors at the central or local level.

This document Research Methodology (Framework for assessing financial knowledge and skills among young people in the Southeast region)" was created within the framework of the project "Youth financial literacy network in the Southeast".

The project is funded by the Swiss Government through Civica Mobilitas.

The content of this methodology is the sole responsibility of the Association Center for development and promotion Promo Idea Strumica, Association Novus Strumica and Association Kruna Plus Radovis and can in no way be considered to reflect the views of the Swiss Government, Civica Mobilitas, or the organizations implementing it."

1. Вовед

Финансиската писменост е основна животна вештина за учество во современото општество. Младите луѓе растат во сè покомплексен свет каде што на крајот ќе треба да ја преземат контролата врз својата финансиска иднина. Различните импликации на животот во денешната економска и социјална реалност може да бидат особено штетни за младите на возраст од 18 до 29 години. Високата невработеност, задолженоста, намалените приходи и ниското ниво на заштеди се само дел од предизвиците со кои се соочуваат семејствата за време на економската криза, додека младите – како зависни или независни членови на семејството – растат во ваков социоекономски контекст. На сето тоа, кризата со Ковид-19 донесе рестрикции во образовниот процес во Европа, дополнително влошувајќи го и процесот на учење и мотивацијата на младите.

Од друга страна, врз сите појави од економско-финансиска природа со кои може да се соочат младите уште во рана возраст, големо влијание има државата како најголем потрошувач во однос на БДП во современите економии на централно и локално ниво. Покрај високото ниво на учество на државата во севкупната потрошувачка, таа преку своите институции се јавува како формален и неформален регулатор на економските односи. Со појавата на сè поизразените ценовни шокови, кои придонесоа за натпросечни стапки на инфлација, државата беше под постојан притисок да презема мерки за заштита на вредноста на парите, задржување на работните места, зголемување на минималната плата, органичување на цени на производите и други мерки и покрај постоењето на пазарна економија. Овие појави укажуваат на сè поголемата улога на државата во економската сфера и нејзиното влијание врз секојдневниот живот на луѓето и покрај постојаниот развој на пазарната економија.

Согласно официјалните податоци вкупните предвидени расходи во буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година изнесувале 324.810 (во милиони) денари[1] или околу 5.3 милијарди евра, а пак во буџетот за 2024 вкупните предвидени расходи изнесуваат 343.638 (во милиони) денари[2] или околу 5.6 милијарди евра.

Ова се само предвидени расходи на централен буџет, не земајќи ги предвид расходите на локалните буџети.

Земајќи ги предвид овие податоци и анализирајќи ја појавата на зачестеност на поединечни државни мерки за справување со економски појави, зголеменото медиумско внимание и известување поврзано со начинот на трошење и распределба на јавните средства, се јавува зголемена потреба од повисоко ниво на знаење на луѓето од областа на финансиите и особено јавните финансии.

[1] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/budzeti/budzet_2023.pdf
[2] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2023/11/za-Sobranie-Buxet-2024-so-obrazloz-1.pdf

Според OECD, „финансиската писменост се смета за знаење и разбирање на финансиските концепти и ризици, како збир од вештини, мотивација и самодовербата за примена на таквото знаење со цел да се донесуваат ефективни одлуки во различни финансиски контексти за подобрување на личната и општата финансиската благосостојба.“

Првото финансиско знаење, потребно за луѓето да станат независни и самостојни и да можат да носат подобри одлуки како потрошувачи, учесници во политичкиот живот или едноставно како граѓани со сите права и обврски е од особена важност за развој на финансиската свест. Наспроти тоа, ниската свест и разбирање на теми како што се штедењето, инвестирањето, даноците, улогата на јавните финансии врз секојдневниот живот на секој граѓанин итн. може негативно да влијае на финансиските однесувања и ставови во однос на рационалното купување, професионалната кариера, справувањето со негативни општестевени појави (корупција, непотизам) и сл.

Проектот „**Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот“** е партнерска иницијатива на три организации од Југоисточниот регион на Република Северна Македонија, насочена кон зголемување на финансиското знаење на младите лица, со особен фокус на знаењата поврзани со управувањето со јавните финансии и препознавање на појавите на корупција при тој процес. Проектот ќе се спроведува во периодот јули 2024-август 2026 година и истиот е поддржан од програмата *Цивика Мобилитас, која што е проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија, која ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија кои се водени од силен граѓански сектор, од активни граѓани и добра соработка со властите што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации и потранспарентно, отчетно и општествено инклузивно владеење на централно и локално ниво.*

Проектот се стреми да го зголеми нивото на финансиско знаење на младите во регионот преку создавање и спроведување на тренинг модули прилагодени на потребите и нивото на целната група, со посебен осврт на процесите на управување со јавните и локалните финансии и нивната поврзаност со секојдневниот живот на луѓето. Ова знаење ќе им овозможи на младите да носат подобри одлуки како граѓани и ќе им овозможи полесно да препознаат појави на евентуална корупција од страна на државните и локалните власти.

Во рамките на проектот ќе бидат остварени голем број одржливи резултати, создадени преку сеопфатен и директен пристап на потребите на младите лица. Покрај тренинг модулите кои ќе бидат создадени и спроведени, проектот опфаќа и низа активности и настани за вмрежување, како и спроведување на промотивна кампања кои ќе ја формираат основата за формирање на младинската мрежа за финансиска писменост на југоистокот.

2. Основа и цели на методологијата

Методологијата е создадена како почетна точка во иницијалниот процес на спроведувањето на проектите активности, а тоа е фазата на испитувања на тековните финансиски знаења, ставови и однесувања на младите во југоисточниот регион. Врз основа на методологијата ќе биде спроведено истражување вклучувајќи ги младите како примарна целна група, но и различни чинители од финансискиот сектор, експерти, претставници од јавни институции и сл. Во методологијата се содржани детални насоки за спроведување на сеопфатно истражување чијшто резултати ќе дадат повратни информации врз основа на кои ќе се создадат и спроведат тренинг модулите, прилагодени на потребите и барањата на младите. Истражување ќе спроведе секој од трите партнери поединечно, во различен дел од регионот, а резултатите ќе бидат сублимирани во еден интегрален извештај. Извештајот кој ќе биде создаден врз основа на истражувачките активности ќе служи како патоказ за развој на соодветни тренинг модули за подобрување на нивото на финансиската писменост кај младите граѓани, со фокус на знаењата за јавни и локални финансии, а со цел подобро препознавање на евентуални коруптивни однесувања на централно или локално ниво.

Како дел од работата која треба да се изврши, партнерите во проектот ќе спроведат сеопфатна проценка на вештините и анализа на потребите кај примарната целна група на проектот (млади до 29 години кои живеат на територија на Југоисточен регион), земајќи ја предвид главната цел на проектот, односно да се подобри нивото на финансиската писменост кај младите лица, со особен фокус на ефективното управување со јавните и локалните финансии и препознавањето на појавата на корупција. Дополнително, резултатите од истражувањето и клучните наоди ќе бидат вклучени во развојот на другите проектни активности.

Методологијата за истражување дава детален опис на процесот кој ќе се спроведува за да се постигне финалниот резултат (односно да се постави рамка за истражување и да се воспостават квалитативни и квантитативни методи за собирање на податоци, нивна дисеминација итн.) и обезбедува општи насоки за тоа како да се интерпретираат резултатите и да се презентираат наодите. Ова ќе обезбеди конзистентност и ќе го олесни целокупниот процес на анализа и примена на резултатите од истражувањето на ниво на регион.

Фазата на истражување е од особена важности значајна бидејќи ќе создаде сеопфатна рамка за проценка на знаењата, базирана на податоци собрани преку различни алатки (анализа на ниво на општини, онлајн анкета, фокус групи и интервјуа). Наодите од истражувањето, идентификуваните добри практики и дополнителни ресурси ќе бидат поврзани со тренинг, со цел младите лица да се насочат кон темите кои можат да ги изучуваат за да го подобрат своето ниво на финансиска писменост за повеќе теми поврзани со финансиите, како што е управување со личните финансии, основа на јавните и локалните финансии, нивната меѓусебна поврзаност и улогата на јавните институции при управувањето со централниот и локалните буџети.

Покрај младите како примарна целна група, во фазата на истражување ќе бидат вклучени и креатори на политики и организации кои работат за поддршка на младите, претставници од приватниот и јавниот финансиски сектор и сл, а со цел да се добијат повратни информации од различна перспектива.

Наодите од истражувањето, резимирани во финалниот сеопфатен извештај, ќе обезбедат препораки и насоки до релевантните креатори на политики, организации за поддршка и образовни институции, сугерирајќи потреба за зајакнување на политиките и алатките за финансиска едукација и финансиско образование, понатамошно инвестирање во основните вештини како што се финансиската писменост, меките вештини, како и употребата на дигиталните технологии за подобрување на нивото на финансиско знаење кај младите во поширок контекст.

2.1 Цели на процесот на истражување

Процесот на истражување што ќе се спроведе на ниво на Југоисточен регион ги опфаќа следните цели:

- Да се анализира тековната состојба на генералното ниво на финансиска писменост и образование кај младите, вклучувајќи тековни вештини и знаења, силни страни, недостатоци и потреби.
- Да се анализираат постојните национални политики, добри практики, програми за поддршка и иницијативи во областа на финансиската писменост и образование за младите.
- Да се соберат податоци, повратни информации и предлози кои ќе бидат инкорпорирани при подготовка на содржините на тренинг модулите.
- Да се добијат повратни информации за нивото на знаење на младите во областите јавни и локални финансии, процесите на нивно управување од страна на државата и општините, како и нивната поврзаност со секојдневниот живот на граѓаните.
- Да се презентираат главните активности на проектот и да се добијат повратни информации и предлози од испитаниците.

2.2 Целни групи

Истражувачките активности за постигнување на целите на истражувањето ќе вклучат повеќе целни групи, кои кореспондираат со примарната и секундарната целна група:

Примарна целна група:

Примарната целна група на проектот се млади лица на возраст од 18 до 29 години, кои живеат на територија на Југоисточен регион, поточно во општините Струмица, Босилово,

Василево, Ново Село, Радовиш, Конче, Гевгелија, Валандово, Богданци и Дојран. Целната група опфаќа односно млади во средно образование од различни профили, студенти, вработени, фриленсери, невработени и млади кои не се ниту во процес на образование, работа или обука. За подобро прилагодување на активностите, младите ќе бидат анализирани по возрасни групи, генерално на млади лица до 21 година и млади од 22 до 29 како посебна група. Младите ќе бидат предмет на испитување преку фокус групи, онлајн прашалници и сл.

Секундарна целна група:

Како секундарна целна група на проектот се експерти, обучувачи, фасилитатори, претставници на организации кои работат со млади, наставници, претставници на финансиски инситуции, претставници на локални самоуправи и сл. Овие чинители ќе бидат вклучени во процесот на истражување преку интервјуа.

Организации кои ќе го спроведуваат истражувањето:

Секој партнер ќе учествува во процесот на истражување. Во делот на истражувањето насочен кон младите, организациите ќе се насочот кон поедичечни општини за да се добијат посеопфатни информации, согласно следната метологија врз основа на следниве иницијални распределби на задачи и одговорности:

- Здружение Центар за развој и промоција Промо Идеа ќе го насочи истражувањето во општините Струмица, Дојран, Валандово и Василево
- Здружние Центар за истражување и анализи Новус ќе го насочи истражувањето во општините Босилово, Ново Село и Гевгелија
- Здружение Круна Плус Радовиш ќе го насочи истражувањето во општините Радовиш, Конче и Богданци

Секоја организација може да вклучи и други општини во процесот на истражување, но за да се добијат сеопфатни информации потребно е генерално да следи оваа рамка на истражување.

3. Процес на истражување

Процесот на истражување ќе вклучи спроведување на повеќе активности од кои ќе се добијат диверзифицирани информации за предметот на истражување. Врз основа на податоците и информациите од истражувањето, проектните партнери ќе изработат поединечни извештаи, врз основа на структурата согласно оваа методологија. Наодите ќе бидат сублимирани во еден интегрален извештај.

Процесот на истражување ќе биде ќе биде спроведен во четири главни фази кои ќе се изведуваат паралелно:

Фаза 1: Интернет истражување на постоечка литература и на постоечки информации, податоци, ресурси и можности за учење

Фаза 2: Онлајн анкета за испитување на тековните знаења на младите во однос на финансиите во целина, со опфат на знаењата за лични финансии, како и осврт на процесите на управување со јавните/локалните финансии и нивното влијание врз секојдневниот живот на граѓаните.

Фаза 3: Фокус групи со млади лица.

Фаза 4: Квалитативни истражувања со претходно селектирани претставници на секундарната целна група.

Со спроведувањето на активностите во рамките на наведените фази ќе се соберат релевантни податоци и информации за развој на интегралниот извештај, кој ќе претставува патоказ за останатите проектни активности. Во различните фази на истражувањето ќе бидат вклучени приближно 150 учесници од примарната и секундарната целна група. Не е задолжително различни учесници да учествуваат во различните фази на истражувањето, па така претставници на целните групи кои ќе бидат опфатени со онлајн истражувањето може да бидат вклучени во фокус групите и сл.

3.1 Интернет истражување

Првата фаза на истражувањето опфаќа истражување на постоечка литература, добри практики, достапни информации и други релевантни податоци, со цел да се добие првичен увид во однос финансиската писменост и образование кај младите во регионален контекст. Истражувањето ќе ги сублимира информациите од постоечките документи, статистички информации, релевантни студии и извештаи во однос на нивото на финансиска писменост кај младите, потенцијалните добри практики, како и евентуални други активности насочени кон воочување на корупција во однос на управувањето со јавните финансии.

Врз основа на интернет истражувањето секој партнер ќе може да кратко да ја опише моменталната ситуација во однос на финансиската писменост кај младите во определени делови од регионот. Процесот ќе вклучи преглед на постоечки документи, интернет истражување (на пр. статистички информации, извештаи од ПИСА или ОЕЦД, извештаи на Народна Банка, Министерство за финансии и сл.), анализа на спроведени активности, достапни отворени образовни ресурси и други релевантни документи.

Партнерите може да користат различни документи како извори на информации:

- Стратешки документи и политики.
- Релевантни извештаи, документи и истражувачки трудови.

- Национални и европски статистички информации (на пр. МакСтат база, Евростат и сл.).
- Извештаи/проценки на меѓународни организации во однос на образованието кај младите (на пр. ПИСА извештаи).
- Отворени образовни ресурси
- Други релевантни документи.

Наодите од интернет истражувањето треба да се сублимираат во еден краток извештај од секој партнер и наодите од истиот да ги вклучат во поединечните извештаи.

3.2 Онлајн анкета

Во процесот на истражување ќе се спроведе онлајн анкета со цел да се добијат порелевантни квантитативни и квалитативни податоци и информации. Со оглед на тоа што целната група опфаќа млади лица, онлајн испитувањето преку прашалник е најсоодветната првична истражувачка активност за да бидат опфатени млади лица од различни делови од регионот кои се најлесно достапни преку интернет.

Прашалникот што ќе биде користен во истражувањето е во стандардизирана форма и секој партнер ќе го промовира и дистрибуира истиот до младите лица. Прашалникот се состои од различни видови прашања поврзани со општи знаења за финансии, вклучувајќи управување со лични финансии, познавања на процесите на управување со јавни и локални финансии, препознавање на корупција и сл. Со оглед на чувствителноста на определени прашања, одговорите на онлајн анкетата се препорачува да бидат анонимни.

Секој партнер ќе има за цел да собере одговори од најмалку 40 испитаници, од соодветните општини како што е распределено во оваа методологија. Резултатите од одговорите кај сите партнери ќе бидат анализирани во целина.

Структурата на прашалникот е достапна во **Прилог 1: Оналјн прашалник**

3.3 Фокус групи

Како дел од процесот на истражување, секој партнер ќе спроведе по една фокус група со млади лица како претставници на примарната целна група на проектот. Заклучоците од фокус групите ќе придонесат кон квалитативно надополнување на податоците и информациите добиени во рамките на интернет истражувањето и онлајн анкетата. Главната цел е директно да се идентификуваат потребите на младите во оваа област, дискутирајќи ја темата на финансиската писменост и нејзината важност за нивниот професионален и личен живот.

Фокус групите може да бидат организирани согласно преференциите на партнерите и согласно барањата на младите, па затоа истите може да се спроведат со физичко присуство, онлајн, или пак преку хибриден модел – каде што дел од учесниците ќе бидат физички присутни, а дел ќе бидат вклучени онлајн. Времетраењето и модерирањето на секоја фокус група ќе биде флексибилно и партнерите ќе можат да го организираат според своите можности.

Учесници на фокус групите треба да бидат млади лица од 18 до 29 години, независно дали се ученици, студенти, вработени, фриленсери, невработени или со друг статус. На фокус групите кај секој партнер треба да учествуваат од 4 до 8 лица, за да се обезбеди доволно време секој учесник да може соодветно да придонесе во дискусијата. Процесот на селекција на учесниците е флексибилен и секој партнер го организира според своите можности.

Фокус групите ќе бидат спроведени согласно насоките во рамките на оваа методологија, кои важат за сите партнери. Пристапот врз основа на утврдени насоки ќе овозможи да се добијат споредливи резултати и информации кои ќе бидат инкорпорирани во единствениот извештај. Модераторите ќе имаат за цел да поттикнат дискусија и да ги истакнат различните мислења на учесниците и тие ќе играат клучна улога во постигнувањето на целите на фокус групите.

Фокус групите се докажан метод на истражување, кој вклучува таргетирани учесници и овозможува подетално разјаснување на мислењата/идеите на младите лица. Преку одржаните фокус групи партнерите имаат можност да ги дисеминираат проектните активности и да постават основа за селекција на учесници во идните настани.

Насоките за спроведување на фокус групите се дадени во **Прилог 2: Насоки за спроведување фокус групи**

3.4 Интервјуа

Сите партнери ќе спроведат интервјуа со претставници на секундарната целна група на проектот, односно со експерти, обучувачи, фасилитатори, претставници на организации кои работат со млади, наставници, претставници на финансиски инситуции, претставници на локални самоуправи и сл. Секој партнер ќе спроведе најмалку две интервјуа со цел да се идентификуваат тековните можности за учење на младите во областа на финансиската писменост и образование, со фокус на процесот на управувањео со јавните финансии, препознавањето и спречувањето на корупцијата и сл.

Исто така, презентирајќи го проектот и предвидените активности, ќе може да се добијат квалитативни повратни информации за главните резултати на проектот од страна на релевантни лица. Во зависност од преференциите на учесниците, интервјуата може да бидат спроведени со физичко присуство или преку онлајн платформа. Како и кај сите алатки за

истражување, заради конзистентност, партнерите да користат заеднички насоки како што е наведено во **Прилог 3: Насоки за интервјуа**.

---

4. Извештаи

4.1 Поединечни извештаи

Податоците и информациите собрани низ различните фази на процесот на истражување ќе бидат сумирани во поединечните извештаи, кои секој партнер ќе ги изготви согласно распределбата на општините во рамките на оваа методологија. Извештаите ќе обезбедат подетален преглед на моменталната состојба на финансиската писменост кај младите, на постојните политики за поддршка и иницијативи во таа област, како и за нивната перцепција на корупцијата, особено при управувањето со јавните и локалните финансии. За да се обезбеди конзистентност на собраните податоци во процесот на истражување, партнерите треба да следат заедничка структура на извештајот според **Прилог 4: Формат на поединечни извештаи**

Партнерите ќе бидат одговорни да изготват извештаи кадешто, согласно оваа методологија, односно:

- Здружение Центар за развој и промоција Промо Идеа ќе подготви извештај врз основа на истражувањето во општините Струмица, Дојран, Валандово и Василево
- Здружние Центар за истражување и анализи Новус ќе подготви извештај врз основа на истражувањето во општините Босилово, Ново Село и Гевгелија
- Здружение Круна Плус Радовиш ќе подготви извештај врз основа на истражувањето во општините Радовиш, Конче и Богданци

4.2 Интегрален извештај

Интегралниот извештај за процесот на истражување во Југоисточниот регион ќе обезбеди сеопфатен преглед на степенот на финансиската писменост и образование на младите лица од 18 до 29 години, достапноста на тековни обуки за вештини на оваа тема, потреби и недостатоци за дополнително учење, истакнувајќи ги постојните добри практики, и иницијативи. Во рамките на извештајот исто така ќе бидат инкорпорирани наодите од истражувањето поврзани со степенот на знаење на младите во врска со процесите на управување со јавните и локалните финансии, како и перцепцијата за корупција во општеството. Интегралниот извештај ќе служи како основа за изработката и спроведувањето на тренинг модулите.

Дисеминација

Партнерите ќе ги дисеминираат наодите од истражувањето преку сопствените канали на комуникација, социјалните мрежи и веб страните, преку различни алатки како што се инфографици, осврти и анализи и коментари.

5. Временска рамка на процесот на истражување

Во табелата е дадена индикативна временска рамка за спроведување на различните фази од процесот на истражување:

Чекори и задачи	Одговорни партнери	Краен рок / Период на спроведување
Фаза на интернет истражување	Сите партнери	01.11.2024
Онлајн анкета	Сите партнери	15.11.2024
Фокус групи	Сите партнери	26.11.2024
Интервјуа	Сите партнери	06.12.2024
Поединечни извештаи	Сите партнери	13.12.2024
Интегрален извештај	Промо Идеа	30.12.2024

Прилог 1: Оналјн прашалник

Вовед:

Почитувани испитаници,

<Име на партнер> спроведува истражување во врска со финансиските знаења и вештини кај младите лица, со особен осврт на знаењата поврзани со јавните и локалните финансии. Врз основа на резултатите од истражувањето ќе се создадат тренинг модули за обука на млади лица (од 18 до 29 години), на теми од областа на финансиското образование!

Ова истражување се спроведува на територија на Југоисточен регион, во рамките на проектот „Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот“.

Прашалникот е наменет за лица од 18 до 29 години од Југоисточен регион и истиот вклучува 13 прашања со повеќекратен избор. За одговор на оваа анкета ќе ви бидат потребни околу 7-10 минути.

Одговорите на прашалникот се анонимни.

Ви благодариме однапред за Вашиот придонес!

Напомена:

Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

„Цивика Мобилитас“ е проект на Владата на Швајцарија за поддршка на граѓанското општество во Северна Македонија и ја спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.
„Содржината на овој прашалник е единствена одговорност на организациите кои го спроведуваат проектот (здруженијата Промо Идеа - Струмица, Новус - Струмица и Круна Плус - Радовиш) и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат“.

Општи прашања

Изберете ја Вашата општина

- Струмица
- Босилово
- Ново Село
- Василево
- Радовиш
- Конче
- Валандово
- Гевгелија
- Богданци
- Дојран

На која возрасна група припаѓате?

- 18-21
- 22-26
- 27-29

Кое е вашето тековно ниво на образование?

- Во тек на средно образование
- Завршено средно образование
- Во тек на високо образование
- Завршено високо образование
- Завршен повисок степен на образование (втор/трет циклус на студии)

Каков е вашиот моментален професионален статус?

- Ученик / студент
- Ученик / студент, но работно ангажиран
- Вработен во компанија/организација/институција
- Фриленсер/самовработен
- Невработен

Дел 1: Финансиска писменост – клучна животна вештина во 21 век

Како би го оцениле Вашето лично ниво на финансиска писменост и финансиско знаење (1 – недоволно, 5 – одлично)?

- 1
- 2
- 3
- 4
- 5

Дали самостојно управувате со вашите лични финансии?

- Да, со личните финансии управувам индивидуално
- Да, но со помош од семејството/родителите
- Не, не управувам со личните финансии, туку тоа е во рацете на моите родители

Дали и како го следите вашиот месечен буџет?

- Не го правам тоа
- Ги следам сите мои трошоци и приходи, но не ги евидентирам никаде
- Ги евидентирам сите приходи и сите (или поголем дел) од трошоците на електронски уред / на хартија
- Друго

Со кое од следниве алатки/производи/апликации моментално располагате:

Напомена: Може да изберете повеќе одговори.

- Банкарска сметка
- Дебитна / кредитна картичка (MasterCard, VISA, сл.)
- Онлајн банкарство
- Друга алтернативна сметка (на пр. PayPal, Payoneer, Skrill, итн.)

- Ништо од горенаведеното
- Друго

Дел 2: Управување со јавни и локални финансии

Дали се информирате за прашања и вести поврзани со економија и финансии?

Напомена: Може да изберете еден или повеќе одговори.

- Да, се информирам преку национални ТВ медиуми
- Да, се информирам преку соопштенија и вести на Народна Банка, Министерство за финансии и други институции
- Да, се информирам преку интернет портали, колумни и други слични форми
- Да, се информирам преку седници на Собранието фокусирани на овие прашања
- Да, се информирам на друг начин
- Не се информирам и не следам такви вести

Според Вас, кои институции на централно ниво се одговорни за носење на државниот буџет и за управување со јавните финансии?

Напомена: Може да изберете еден или повеќе одговори.

- Народна Банка
- Собрание
- Министерство за финансии
- Министерство за економија
- Ниедна од наведените

Според Вас, кои од следните институции/избрани лица се одговорни за носење на буџетот на локално ниво?

Напомена: Може да изберете еден или повеќе одговори.

- Градоначалникот
- Министерство за локална самоуправа
- Совет на општината
- Центар за развој на регионот
- Ниедна од наведените

Дел 3: Обуки и поддршка за финансиско образование

Дали преку формално или неформално образование сте посетиле обука, работилница, настан или самостојно сте учеле за некоја од следниве области?

Напомена: Може да изберете еден или повеќе одговори.

- Управување со јавни финансии
- Управување со локални финансии и локален буџет
- Фискална транспарентност и отчетност
- Даноци, јавни давачки и други јавни приходи
- Јавни расходи и трошење на јавни средства
- Јавни набавки
- Инфлација, јавен долг, каматни стапки
- Корупција и антикорупција
- Немам учено за ниедна од овие области

Дали би биле заинтересирани да се приклучите на обука за стекнување финансиски вештини за млади лица?

- Да
- Не
- Можеби

Контакт информации (опционално)

Доколку сте заинтересирани директно да добивате дополнителни информации во врска со проектот, проектните активности или сл., може да ја напишете Вашата е-пошта .

Е-пошта: ……

Ви благодариме за одвоеното време

Прилог 2: Насоки за спроведување фокус групи

Вовед	
Вовед во истражувањето и индивидуални презентации на учесниците - Претставете се. - Обезбедете основни информации за проектот и истражувањето.	10 минути

- Дадете информации за целите на фокус групата - Обезбедете кратки информации за основните правила што треба да се почитуваат за време на фокус групата - Информирајте ги учесниците дека сите информации ќе се третираат доверливо. Ниту еден личен податок или информација нема да биде обелоденет или поинаку да се користи освен за целите на истражувањето - Индивидуално запознавање на учесниците: Каков е нивниот моментален статус на образование и вработување? Како управуваат со нивните лични финансии?	
Дел 1: Финансиска писменост – клучна животна вештина во 21 век	
Дискутирајте и истражете ги знаењата, ставовите и мислењето на младите за финансиската писменост и образование. **Пример прашања за водење на дискусиите** - Како би го опишале севкупното ниво на финансиска писменост на младите во вашата општина? Како би го оцениле вашето лична ниво финансиска писменост? - Што сметате дека ви е потребно за да го подобрите вашето знаење за финансии? (забелешка: водете ги дискусиите поставувајќи прашања поврзани со образованието, иницијативите надвор од училиштето, насочена поддршка од консултанти/ментори, вмрежување, улогата на семејството итн. - Кои вештини сметате дека се неопходни кај младите за зголемување на нивото на финансиското знаење? - Управување со лични финансии – дали имате свој начин на управување со личните финансии? Дали користите некаква помошна алатка, за следење на трошоци, приходи и сл? Дали помагате во управувањето со семејните финансии? (Совет: Можете да користите некои од прашањата од онлајн анкетата за да добиете подетални информации за одредени теми поврзани со финансиската писменост и образование).	25 минути
Дел 2: Управување со јавни и локални финансии	
Дискутирајте со учесниците за процесите на управување со јавните и локални финансии, испитајте ги нивните знаења од оваа област и насочете ја	30 минути

дискусијата кон влијанието на јавните и локалните финансии за секој граѓанин, вклучувајќи ги и младите. На крајот може да ја поттикнете и дискусијата за појавата и перцепцијата на корупција во општеството. **Пример прашања:** - Дали знаете што се тоа јавни финансии и што се подразбира под управување со јавни и локални финансии? - Кој е задолжен за управување со јавни и локални финансии? - Што се тоа даноци? - Што се јавни добра? - Дали може да дадете пример на коруптивно однесување при управувањето со јавните и локални финансии? Забелешка: Ова е суштински дел од фокус групата – дискутирајте со учесниците за даноците и клучните чинители во управувањето со јавните и локалните финании.	
Дел 3: Обуки и поддршка за финансиско образование	
Разговарајте за постоечките услуги или можности за обука и поддршка кои се достапни во регионот. Овие може да бидат иницијативи во училиштето и надвор од училиштето (на пр. проекти, програми, настани, натпревари итн.) **Пример прашања:** - Дали сте запознаени со некои проекти/обуки/иницијативи за финансиска писменост и образование? - Дали сте учествувале во вакви иницијативи? - Ако да, кои беа клучните резултати од ваквите иницијативи? - Дали знаете за некои организации или институции во државата кои стриктно се занимаваат со темата за финансиската писменост и образование кај младите? - Кои начини на учество на вакви настани/обуки го преферирате? (на пр. класична обука со физичко присуство, кратки работилници, учење преку онлајн платформи, учење од далечина итн.)? - Кои би можеле да бидат потенцијални/интересни теми за вас од финансиската област?	15 минути
Завршни прашања	
Завршете ја дискусијата со осврт на најважните работи. **Пример прашања:** - Дали има нешто што би сакале да додадете и/или да истакнете во дискусијата?	10 минути

- Дали сакате да добиете дополнителни информации за проектот и/или да учествувате во други проектни активности?	

СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФОКУС ГРУПИТЕ

Формат и времетраење

Модераторот ќе користи отворени прашања за да генерира дискусија и да ги нагласи различните гледишта, избегнувајќи ги „водечките“ прашања. Тој ќе игра клучна улога, барајќи од учесниците да елаборираат за конкретни прашања, за да се добијат квалитетни повратни информации.

Неколку работи се важни при спроведувањето на фокус групите:

- Модераторот треба да се погрижи на учесниците да им биде обезбедено доволно време за вовед за да се чувствуваат удобно во сесијата и да ги олеснат интеракциите/дискусиите.
- Модераторот треба да им даде на младите доволно време да размислат за некои од прашањата за да може да дадат квалитетен одговор.
- Модераторот/организаторот треба да побара согласност за фотографирање – ако некои од учесниците не даде таква согласност, истата треба да се почитува.
- Фокус групата треба да се спроведе според наведените насоки, но доколку се развие и дополнителна дискусија во текот на разговорот, истата треба да биде поттикната.
- За да се употребат информациите од фокус групата во истражувањето, модераторот или друго лице треба да води белешки.
- Помеѓу сесиите може да има и кратка пауза.

Прилог 3: Насоки за спроведување интервјуа

Во насоките за спроведување интервју елаборирани е процесот за тоа како да се планира и организира овој дел од истражувањето и го опишува типот на прашања што треба да бидат опфатени во дискусијата. Интервјуата или отворените дискусии помагаат да се добијат дополнителни податоци во истражувањето и да се утврдат областите на кои им е потребно дополнително испитување. Учесниците во директната дискусија најчесто вклучуваат повеќе прашања и теми од поширок контекст и важност за областа.

Важно е интервјуата и учесниците да се планираат и селектираат со тоа што ќе бидат опфатени релевантни лица од соодветни институции, кои се добро запознаени со темата на финансиска писменост и финансиско образование кај општата популација, но и конкретно кај младите. Како испитаници може да бидат вклучени различни чинители и експерти кои се претставници на институции од финансискиот сектор или пак на јавниот сектор, со фокус на институциите што кои во својата работа вклучуваат управување со јавни или локални финансии (управа за јавни приходи, општини и сл).

Процес на спроведување на интервју

Почеток

Интервјуата може да се спроведат преку алатки за онлајн комуникација (Zoom, Skype, GoToMeeting или друга соодветна алатка итн.) или со физичко присуство, во времетраење од приближно 45-50 минути. Интервјуто треба да започне со кратка презентација на целите на проектот пред испитаниците. За да се обезбеди доверливост на личните податоци и информации испитаниците треба да го потпишат Формуларот за согласност за интервју (Анекс 7).

Тек

За време на интервјуто, најдобро е да се следи правилото 80% - 20% (односно, да им се овозможи на на испитаниците да зборуваат 80% од времето додека лицето кое го врши интервјуто да зборува 20% од времето и тоа кога е потребно да се разјасни определена тема или да се поттикне соговорникот да елаборира повеќе за определено прашње прашање). Нема правилни и погрешни прашања. Од интервјуираниот не се очекува да даде одредени одговори, но се охрабруваат да сподели сè што може да биде интересно и релевантно за истражувачот.

Затварање и заклучоци

На крајот од интервјуто, на испитаникот треба да му се остави време за да даде свои коментари, идеи и евентуални препораки што би можеле да се применат во понатамошната

фаза од истражувањето и особено во фаза на конципирање на останатите проектни активности.

Профил на потенцијални испитаници:

- Претставници на институции од финансискиот сектор (банки, осигурителни компании и сл.)
- Претставници на институции од јавниот сектор (управа за јавни приходи, општини, царинска управа и сл.)
- Експерти, обучувачи и/или претставници на организации кои работат со млади луѓе.
- Професори од високообразовни институции, од областите на јавни финансии.
- Други соодветни профили

Препорачано времетраење на секое интервју: 45-50 минути

ИНДИКАТИВНА СТРУКТУРА НА ИНТЕРВЈУАТА

Вовед	
Вовед во истражувањето и индивидуални презентации на учесниците - Претставете се. - Обезбедете основни информации за проектот и истражувањето. - Уверете го соговорникот дека сите информации ќе се третираат доверливо. Ниту еден личен податок или информација нема да биде обелоденет или поинаку да се користи освен за целите на истражувањето. - Проверете дали формуларот за согласност е потпишан	5 минути
Дел 1: Финансиска писменост – клучна животна вештина во 21 век	
Зборувајте за моменталното ниво на финансиска писменост и образование во државата и регионот, како и на предизвиците со кои се соочува целото население, вклучувајќи ги и младите во време на голем број информации, зачестени појави на кризи со финансиски импликации и сл.. **Водечки прашања/теми за дискусија:** • Врз основа на вашето знаење и искуство, каков е степенот на финансиско образование кај младите во државата? Што може да се направи за да се подобри ситуацијата?	15 минути

• Кои се клучните чинители кои треба да придонесат за подобрување на нивото на финансиско образование и финансиска писменост кај младите? • Кои се клучните вештини/информации што еден млад човек треба да ги подобри/добие за да го подобри своето знаење во областа на финансиите? Напомена: За ова прашање поттикнете го соговорникот да се осврне на темите за управување со лични финансии и донесување финансиски одлуки од една страна, а од друга страна интерпретација на финансиски информации и вести, перцепција на младите за управувањето со локалните и јавните финансии и перцепција за појавата на корупција	
Дел 2: Обуки и поддршка за финансиско образование	
Дискутирајте за постоечките иницијативи за обука и поддршка во областа на финансиската едукација и писменост на младите во земјата/регионот? Што е достапно? Што недостасува? Колку е ефикасно сегашното образование? **Водечки прашања/теми за дискусија:** • Дали постојат конкретни политики и стратегии кои ја третираат темата за финансиско образование и финансиска писменост? • Дали знаете за некои организаци или институции кои стриктно се занимаваат со темата за финансиската писменост и образование кај возрасните и младите? • Кои според Вас се најсоодветни методи за спроведување на обуки за млади на оваа тема?	10 минути
Дел 3: Управување со јавни и локални финансии	
Дискутирајте со испитаниците за процесите на управување со јавните и локални финансии од страна на задолжените институции. **Пример прашања:** - Колку сметате дека младите се запознаени со процесите на управување со јавните и локалните финансии? - Дали според Вас има недостаток на знаења кај младите за овие области или недостаток на информации? - Што може да се подобри во овој аспект?	15 минути

- Дали сметате дека младите ја перцепираат корупцијата како сериозен проблем во општеството?	
Завршни прашања	
Завршете ја дискусијата со осврт на најважните работи. **Предлог прашање:** - Дали има нешто што би сакале да додадете и/или да истакнете во дискусијата?	5 минути

Совети за спроведување на интервјуата:

- Времетраењето на интервјуто не треба да надмине 45-50 минути.
- Интервјуто треба да се закаже однапред во разумно време кое им одговара на испитаниците
- Од интервјуто треба да се направат белешки со клучните тези на соговорниците или пак може да се побара дозвола од соговорникот за истото да биде снимено. За снимање на одговорите задолжително треба да се добие дозвола.

Прилог 3.1: Изјава за согласност

ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ

Јас, _____ (име и презиме), се согласувам да учествувам во ова интервју за истражување, организирано од _____ (Име на партнерот).

1. Прифаќам да учествувам во ова истражување бидејќи мојот придонес може да биде корисен за дефинирање на следните чекори на проектот.
2. Можам да одбијам да одговорам на некои прашања
3. Моето учество е целосно доброволно
4. Се согласувам дека содржината на интервјуто може анонимно да се користи како дел од статија, извештај или друга форма на презентирање на наодите. Разбирам дека информациите дадени во текот на интервјуто ќе се користат само за аналитички цели
5. Разбирам дека сите информации ќе се третираат строго доверливо и личните податоци нема да бидат откриени или поинаку користени освен за целите на истражувањето.

Датум:

Потпис:

Прилог 4: Формат на поединечни извештаи

Партнерите треба да ги изготват извештаите од спроведеното истражување во утврден формат. Извештаите не треба да надминуваат повеќе од 10 страни. Заедно со извештаите партнерите треба да достават пропратни прилози, кои вклучуваат:

- Листа на учесници од фокус групи
- Листа и согласности од интервјуа
- Сублимирани одговори од анкетен прашалник

Целта на поединечните извештаи е да се добијат сублимирани информации и податоци од спроведеното истражување од страна на секој партнер и истите да бидат вклучени како инпут за интегралниот извештај на ниво на регион.

Формат на поединечни извештаи:

Дел	Содржина	Извор
0	**ВОВЕДНО ПОГЛАВЈЕ** • Содржина • Извршно резиме • Контекст и позадина на проектот • Опис на методологијата и опис на спроведениот процес • Опфатени општини (со прецизирање на степенот на опфат на учесници/испитаници од секоја општина преку анкетниот прашалник)	• Податоци од спроведено истражување (временска рамка, целни групи, бр. на опфатени лица и сл.)
1	**ТЕКОВНИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА ЗА ФИНАНСИИ КАЈ МЛАДИТЕ** • Степен на финансиска писменост кај младите • Управување со лични финансии кај младите • Потреба од вештини и знаења за финансии • Тековни можности за учење	• Одговори од анкетен прашалник • Заклучоци од фокус групи и интервјуа • Податоци од интернет истражување
2	**ЈАВНИ И ЛОКАЛНИ ФИНАНСИИ** • Интерес и информирање за јавни и локални финансии • Знаења за управување со јавни и локални финансии • Перцепција за корупција при управување за јавни и локални финансии	• Одговори од анкетен прашалник • Заклучоци од фокус групи и интервјуа • Податоци од интернет истражување

3	**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** • Осврт на најважните заклучоци од процесот на истражување. • Препораки за идните активности	

Прилог 5: Формат на интегрален извештај

Интегралниот извештај ја следи формата на поединечните извештаи, но истиот опфаќа подетални информации според различните карактеристики на целните групи (според возраст, општина, степен на образование, професионален статус и сл)

Дел	Содржина	Извор
0	**ВОВЕДНО ПОГЛАВЈЕ** • Содржина • Извршно резиме • Контекст и позадина на проектот • Опис на методологијата и опис на спроведениот процес во Југоисточен регион • Одговорни организации за спроведување • Опфатени општини	• Податоци од спроведено истражување (временска рамка, целни групи, бр. на опфатени лица и сл.)
1	**ТЕКОВНИ ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА ЗА ФИНАНСИИ КАЈ МЛАДИТЕ** • Степен на финансиска писменост кај младите • Управување со лични финансии кај младите • Потреба од вештини и знаења за финансии • Тековни можности за учење • Анализа и осврт на информациите и податоците според ➢ Микрорегион и општина ➢ Возраст ➢ Професионален статус ➢ Степен на образование	• Одговори од анкетен прашалник • Заклучоци од фокус групи и интервјуа • Податоци од интернет истражување
2	**ЈАВНИ И ЛОКАЛНИ ФИНАНСИИ** • Интерес и информирање за јавни и локални финансии • Знаења за управување со јавни и локални финансии	• Одговори од анкетен прашалник • Заклучоци од фокус групи и интервјуа

	• Перцепција за корупција при управување за јавни и локални финансии • Анализа и осврт на информациите и податоците според ➢ Микрорегион и општина ➢ Возраст ➢ Професионален статус ➢ Степен на образование	• Податоци од интернет истражувања
3	**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** • Осврт на најважните заклучоци од процесот на истражување. • Препораки за идните активности • Заклучоци и препораки според микрорегиони	• Одговори од анкетен прашалник • Заклучоци од фокус групи и интервјуа • Податоци од интернет истражување